Уп. бр. 08- 80

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено заеднички од Гринтех С.А. (Greentech S.A.), со регистрирано седиште на Алеа Индустрилор 17, Бузау, Романија, г. Михал Фигур (Mr. Michal Figúr), XXX[1] и г. Лукаш Чиерни (Mr. Lukáš Čierny), XXX, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 13.11.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на Гринтех С.А. (Greentech S.A.), со регистрирано седиште на Алеа Индустрилор 17, Бузау, Романија, г. Михал Фигур (Mr. Michal Figúr), XXX и г. Лукаш Чиерни (Mr. Lukáš Čierny), XXX, над Еколуми, с.р.о. (Ekolumi, s.r.o.), со регистрирано седиште на Партизанска цеста 4634, Банска Бистрица, поштенски код 974 01, Словачка Република иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 09.10.2019 година, а дополнета на 22.10.2019 година, до Комисијата за заштита на

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Гринтех С.А. (Greentech S.A.), со регистрирано седиште на Алеа Индустрилор 17, Бузау, Романија, г. Михал Фигур (Mr. Michal Figúr), XXX и г. Лукаш Чиерни (Mr. Lukáš Čierny), XXX со која Гринтех С.А., г. Михал Фигур и г. Лукаш Чиерни имаат намера да стекнат заедничка контрола над Еколуми, с.р.о. (Ekolumi, s.r.o.), со регистрирано седиште на Партизанска цеста 4634, Банска Бистрица, поштенски код 974 01, Словачка Република во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Пред концентрацијата Еколуми, с.р.о. е во сопственост на г. Михал Фигур и г. Лукаш Чиерни, кои по концентрацијата ќе продолжат да имаат заедничка контрола над Еколуми, с.р.о. заедно со Гринтех С.А.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Гринтех С.А.** е друштво кое припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата е составена од приватни инвестициски фондови (*equityfunds*) и портфолио друштва активни во разни сектори.

Абрис Групата е присутна на пазарот во Република Северна Македонија директно - преку друштвото ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица 852 бр.62, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност обновување на посебно издвоени материјали и индиректно - преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата.

**Физичките лица** г. Михал Фигур и г. Лукаш Чиерни од Словачка Република немаат деловни активности во Република Северна Македонија.

**Еколуми с.р.о.** е друштво кое се бави со собирање и преработување на отпад, основано во 2010 година во Словачка. Портфолиото на негови услуги вклучува:

- пресувањена разни видови на отпад на целосно автоматизирани машини за пресување од шведскиот бренд, Пресона (Presona);
- сортирање на пластика од собран отпад во две фабрики, во Банска Бистрица;
- купување на разни видови на пластика од собраниот комунален отпад и друга пластика од разни индустрии, т.н. крута пластика, хартија и стакло; и
- продавање на разни видови на пластика од собраниот комунален отпад и друга пластика од разни индустрии, т.н. крута пластика, хартија и стакло.

Еколуми не е воопшто присутно во Република Северна Македонија и нема остварено било каков приход во Република Северна Македонија во претходната година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**